## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 21 септември 2022 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: август 2022 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2]),** во август 2022 година, бележи месечно зголемување од 0,9%, коешто главно се должи на зголемувањето на депозитните пари, при помал придонес и на долгорочните депозити до две години, во услови на пад на готовите пари во оптек и краткорочните депозити. Годишниот раст од 2,1% речиси целосно е одраз на зголемените краткорочни депозити, а позитивно влијание имаат и готовите пари во оптек, при пад на долгорочните депозити до две години, како и на депозитните пари.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[3,4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 7.2022 | 8.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 7.2022 | 8.2022 | 7.2022 | 8.2022 |
| **Парична маса М4** | **491,717** | **500,202** | **507,536** | **521,005** | **513,926** | **517,897** | **7.9** | **6.7** | **8.2** | **7.0** | **1.9** | **1.3** | **1.3** | **0.8** |
| **Парична маса М3** | **441,478** | **451,639** | **460,723** | **474,753** | **469,546** | **473,611** | **9.4** | **8.3** | **10.1** | **8.8** | **2.9** | **2.1** | **1.6** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 43,350 | 43,604 | 44,951 | 44,480 | 46,387 | 44,801 | 14.4 | 6.0 | 7.9 | 1.8 | 0.3 | 0.6 | 6.3 | -3.4 |
| **Вкупни депозити** | **439,343** | **447,237** | **453,469** | **468,649** | **459,341** | **464,643** | **7.4** | **6.8** | **8.3** | **7.8** | **2.3** | **1.7** | **0.9** | **1.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 122,085 | 128,970 | 130,048 | 137,557 | 124,827 | 128,584 | 12.9 | 16.7 | 15.6 | 11.6 | -2.9 | -3.8 | 1.7 | 3.0 |
| *Во денари* | 85,618 | 88,994 | 87,402 | 92,116 | 81,572 | 87,015 | 12.8 | 14.7 | 9.7 | 6.7 | -6.3 | -4.4 | -1.1 | 6.7 |
| *Во странска валута* | 36,467 | 39,976 | 42,646 | 45,441 | 43,254 | 41,569 | 13.0 | 21.4 | 29.8 | 23.2 | 4.2 | -2.7 | 7.3 | -3.9 |
| Домаќинства | 289,941 | 292,359 | 297,702 | 305,407 | 308,949 | 310,027 | 5.2 | 4.2 | 6.9 | 7.1 | 5.2 | 4.6 | 0.4 | 0.3 |
| *Во денари* | 152,839 | 152,597 | 154,062 | 151,822 | 143,352 | 143,152 | 3.6 | 2.3 | 5.7 | 0.5 | -6.3 | -7.3 | 0.2 | -0.1 |
| *Во странска валута* | 137,102 | 139,762 | 143,640 | 153,585 | 165,597 | 166,875 | 7.1 | 6.4 | 8.3 | 14.4 | 17.8 | 17.6 | 0.6 | 0.8 |
| **Вкупни кредити** | **361,561** | **370,862** | **375,116** | **386,884** | **409,865** | **408,716** | **5.2** | **5.1** | **6.3** | **8.3** | **9.7** | **9.7** | **0.5** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 171,117 | 175,067 | 176,093 | 184,675 | 197,870 | 195,961 | 2.1 | 1.2 | 4.8 | 8.7 | 12.1 | 11.9 | 0.5 | -1.0 |
| *Во денари* | 103,024 | 106,876 | 107,485 | 114,622 | 118,494 | 116,473 | -0.6 | 0.2 | 5.5 | 11.6 | 10.5 | 8.9 | -0.9 | -1.7 |
| *Во странска валута* | 68,093 | 68,191 | 68,608 | 70,053 | 79,376 | 79,488 | 6.3 | 2.9 | 3.7 | 4.3 | 14.4 | 16.6 | 2.8 | 0.1 |
| Домаќинства | 188,697 | 193,906 | 197,127 | 200,249 | 209,869 | 210,638 | 8.1 | 8.7 | 7.5 | 7.8 | 7.6 | 7.7 | 0.5 | 0.4 |
| *Во денари* | 106,994 | 109,484 | 111,470 | 113,317 | 118,385 | 118,625 | 10.7 | 10.1 | 7.2 | 7.9 | 7.3 | 7.3 | 0.4 | 0.2 |
| *Во странска валута* | 81,703 | 84,422 | 85,657 | 86,932 | 91,484 | 92,013 | 4.8 | 7.0 | 7.8 | 7.6 | 7.9 | 8.3 | 0.7 | 0.6 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 година па наваму се под влијание на мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[4] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

– **Вкупните депозити[5],** во август, забележаа месечен раст од 1,2%, како резултат на растот на депозитите кај двата сектора, којшто е поизразен кај корпоративниот сектор. На годишна основа, вкупните депозити се зголемени за 1,7% што во целост произлегува од повисоките депозити на секторот „домаќинства", во услови на намалени депозити кај корпоративниот сектор.

– Во август, **вкупните кредити[6]** се на ниски за 0,3% на месечна основа. Надолната промена во целост се должи на намаленото кредитирање на корпоративниот сектор, во услови на раст на кредитите на секторот „домаќинства". Годишната стапка на раст изнесува 9,7%, поради повисокото кредитирање кај двата сектора, коешто е поизразено кај корпоративниот сектор.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.
[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година од билансна во вонбилансна евиденција. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1 јули 2019 година, со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.
[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во август, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** бележат раст од 3,0% во споредба со претходниот месец. Растот во најголем дел е резултат на зголемените депозитни пари, а позитивно влијание имаат и краткорочните депозити во денари и долгорочните депозити во странска валута, додека пад е остварен кај краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари. Анализирано на годишна основа, падот од 3,8% е одраз на намалените долгорочни депозити во странска валута и во денари, како и депозитните пари и краткорочните депозити во денари, во услови на раст на краткорочните депозити во странска валута.

– **Кредитите на корпоративниот сектор[8],** во август, се намалија за 1,0% на месечна основа, во целост како резултат на падот на кредитите во денари, при мал раст на кредитите во странска валута. Годишниот раст од 11,9% произлегува од повисокото кредитирање во денари и во странска валута, коешто е поизразено кај кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

– **Депозитите на домаќинствата,** овој месец, забележаа месечен раст од 0,3%, главно под влијание на зголемувањето на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, при дополнителен придонес и на долгорочните депозити во денари, додека депозитните пари и краткорочните депозити во денари остварија пад. Споредено на годишно ниво, растот изнесува 4,6% и пред сè се должи на повисоките краткорочни депозити во странска валута, а во помала мера и на долгорочните депозити во странска валута, додека долгорочните и краткорочните депозити во денари, како и депозитните пари бележат пад.

– Во август, **кредитите на домаќинствата** се повисоки за 0,4% во однос на претходниот месец, во поголем дел поради зголеменото кредитирање во странска валута, при позитивен придонес и на кредитите во денари. Годишниот раст изнесува 7,7%, којшто во услови на повисоки кредити во денари и во странска валута, е поизразен кај кредитирањето во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 7.2022 | 8.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 7.2022 | 8.2022 | 7.2022 | 8.2022 |
| Потрошувачки кредити | 99,721 | 102,516 | 103,902 | 105,888 | 109,913 | 109,859 | 6.7 | 7.9 | 6.2 | 7.2 | 6.4 | 6.3 | 0.4 | 0.0 |
| Станбени кредити | 59,901 | 62,384 | 65,006 | 67,353 | 72,223 | 72,690 | 13.1 | 14.7 | 16.1 | 15.5 | 13.5 | 13.5 | 0.8 | 0.6 |
| Автомобилски кредити | 263 | 242 | 242 | 237 | 223 | 329 | -14.0 | -17.1 | -16.9 | -15.9 | -6.4 | 39.6 | -1.4 | 47.4 |
| Кредитни картички | 10,539 | 10,488 | 10,378 | 10,253 | 10,293 | 10,373 | -8.9 | -8.9 | -10.9 | -8.5 | -1.6 | -0.5 | 0.2 | 0.8 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,399 | 6,419 | 6,470 | 5,907 | 6,436 | 6,602 | -1.5 | 3.4 | 3.0 | 1.5 | 2.6 | 5.5 | -1.3 | 2.6 |
| Други кредити | 3,736 | 3,687 | 2,766 | 2,611 | 2,345 | 2,320 | -5.8 | -6.6 | -29.3 | -32.5 | -19.1 | -19.0 | -1.0 | -1.1 |

Извор: НБРСМ.

- Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во август, **потрошувачките кредити** како една од најзастапените категории се непроменети на месечна основа, додека на годишна основа се повисоки за 6,3%. **Станбените кредити** се зголемени за 0,6% и 13,5% на месечно и годишно ниво, соодветно. Во август, **автомобилските кредити** бележат месечен и годишен раст од 47,4% и 39,6%, соодветно. Кредитите одобрени на **кредитни картички** остварија месечен раст од 0,8%, додека на годишна основа се намалени за 0,5%. Во август, **негативните салда на тековните сметки** остварија месечно и годишно зголемување од 2,6% и 5,5%, соодветно, а кредитите одобрени врз **други основи** се намалија за 1,1% на месечно ниво и 19,0% на годишно ниво.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 октомври 2022 година (референтен пресек заклучно со септември 2022).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3108 430 или 02/3215-235 лок. 108/110.